# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

25 Септември 2018 година, Гевгелија Број 11 Година XXXIX

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија" бр.193/16 и 72/2018) и член 38 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006 и 8/2010), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 24.09.2018 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2018 година („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.20/2017, 9/2018), во глава VI.„Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и начин на плаќање", делот „VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште", се менува и гласи:

**„VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште за основен степен на уреденост на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, пресметана согласно коефициентите од табелата од точка VI.3, изнесува:

| 1 | За градот Гевгелија | Износ на надоместокот | Единица мерка |
|---|---|---|---|
| - | Станбени објекти | 1.500,00 | ден./$м^2$ |
| - | Деловни и јавни објекти | 2.500,00 | ден./$м^2$ |
| - | За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси | 6.000,00 | ден./$м^2$ |
| - | Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) | 6.200,00 | ден./$м^2$ |
| - | Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување | 4.000,00 | ден./$м^2$ |
| - | Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти за терцијална здравствена заштита | 2.500,00 | ден./$м^2$ |
| - | Катни гаражи | 2.500,00 | ден./$м^2$ |
| - | Гасни и базни станици за 50% од површина на локација | 2.500,00 | ден./$м^2$ |
| - | Трафостаници над 35 KW | 2.500,00 | ден./$м^2$ |
| - | Спортски објекти | 100,00 | ден./$м^2$ |
| - | Базени | 100,00 | ден./$м^2$ |
| - | Мрежи и водови за пренос на енергија и електронски комуникациски мрежи | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | o Столб | 1.000,00 | ден./единица |
| - | o Подземен и надземен кабел | 200,00 | ден./м[1] |
| - | Ветерници за производство на електрична енергија | 6.000.000,00 | ден./единица |
| - | Фотоволтаични централи | 300,00 | ден./м² |
| | | | |
| 2 | **За Населени места** | **Износ на надоместокот** | **Единица мерка** |
| - | Станбени објекти | 750,00 | ден./м² |
| - | Деловни и јавни објекти | 1.250,00 | ден./м² |
| - | За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси | 3.000,00 | ден./м² |
| - | Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) | 6.200,00 | ден./м² |
| - | Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување | 2.000,00 | ден./м² |
| - | Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти за терцијална здравствена заштита | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Катни гаражи | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Гасни и базни станици за 50% од површина на локација | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Трафостаници над 35 KW | 1.250,00 | ден./м² |
| - | Спортски објекти | 100,00 | ден./м² |
| - | Базени | 100,00 | ден./м² |
| - | Мрежи и водови за пренос на енергија и електронски комуникациски мрежи | | |
| - | o Столб | 1.000,00 | ден./единица |
| - | o Подземен и надземен кабел | 200,00 | ден./м[1] |
| - | Ветерници за производство на електрична енергија | 6.000.000,00 | ден./единица |
| - | Фотоволтаични централи | 300,00 | ден./м² |
| | | | |
| 3 | **За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија и за просторите надвор од населените места за кои се или ќе се донесат Урбанистички планови вон населено место*** | **Износ на надоместокот** | **Единица мерка** |
| - | Станбени објекти | 3.000,00 | ден./м² |
| - | Деловни и јавни објекти | 5.000,00 | ден./м² |
| - | За објекти од група на класи на намени Г - Производство, дистрибуција и сервиси | 6.000,00 | ден./м² |
| - | Бензински пумпи (згради,настрешници,резервоари,рампи) | 6.200,00 | ден./м² |
| - | Објекти од класата на намени Б5 - угостителско туристички комплекси и А4 – хотел, мотел, времено сместување | 6.000,00 | ден./м² |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | Детски градинки, пензионерски и домови за стари лица, објекти за високо образование, објекти за култура и објекти за терцијална здравствена заштита | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Катни гаражи | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Гасни и базни станици за 50% од површина на локација | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Трафостаници над 35 KW | 2.500,00 | ден./м² |
| - | Спортски објекти | 100,00 | ден./м² |
| - | Базени | 100,00 | ден./м² |
| - | Мрежи и водови за пренос на енергија и електронски комуникациски мрежи | | |
| - | o Столб | 1.000,00 | ден./единица |
| - | o Подзмен и надземен кабел | 200,00 | ден./м¹ |
| - | Ветерници за производство на електрична енергија | 6.000.000,00 | ден./единица |
| - | Фотоволтаични централи | 300,00 | ден./м² |
| - | Далноводи со напонско ниво од и над 35 KW | | |
| - | o Столб | 10.000,00 | ден./единица |
| - | o Коридор | 10.000,00 | ден./км¹ |

*

Одредбите од овој поднаслов се применуваат и на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а, кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"..

Бр.09-1426/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија бр.25/06, 08/10 и 18/14год.) и Одлуката на Советот на општина Гевгелија, бр.09-143/1 од 21.01.2016 година, за одобрување на поднесување на Предлог-проектот **„Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап"** за учество на Првиот повик од ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Бугарија-Република Македонија 2014-2020, Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## За добивање на кредит за општини во РМ за реализација на проекти од ИПА компонентата од Македонска банка за поддршка на развојот за реализација на Проектот: „Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап"

**Член 1**

Заради потребата од реализација на активностите предвидени до 06.06.2019, за проектот **Афирмација на природните и културните вредности во пограничниот регион за подобра видливост и пристап",** финансиран од ЕУ преку Програмата за прекугранична соработка, Интеррег – ИПА (Инструмент за предпристапна помош) Р.Бугарија – Р.Македонија, CCI2014TC16I5CB006, а согласно Договорот **RD 02-29-153/06.06.2017** година според кој општина Гевгелија е Лидер партнер, Советот на општина Гевгелија одобрува конкретно задолжување кај **Македонска банка за поддршка на развојот** за добивање кредит од 135.000 евра (во денарска противредност).

**Член 2**

Висината на финансиските средства во износ од 135.000 евра (во денарска противредност), наведени во член 1 од оваа Одлука ќе се префрлат на донаторската сметка на општина Гевгелија, специјално отворена за оваа намена, по позитивна ревизија на проектот од страна на верификувани контролори од Министерството за локална самоуправа.

**Член 3**

Оваа одлука влегува на сила од денот на нејзино донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1427/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), а во врска со член 36 став (4) од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година, кој што е објавен во ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.20/17, 02/18, 07/18, 09/18 и 10/18г.), во делот на буџетот на **основниот буџет** и во делот на **буџет донации** на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата<br>Потставка и опис на потставката | буџет | самофинанс. | Дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|

1. -Се зголемува следната потставка со следната потпрограма во основен буџет-630:
**Д00 ГРАДОНАЧАЛНИК**
**464990 Други трансфери** **750.000**

2.Се намалува следната потпрограма со следната потставка во буџет-основен-630
**ЈД0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**
**482920 Изградба на други објекти** **-750.000**

**Член 2**

1. -Се зголемува следната потставка со следната потпрограма во буџет-донации-785:
**Г10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**425970 консултантски услуги** **2.800.000**

2.Се намалува следната потпрограма со следната потставка во буџет-донации-785
**Г10 ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
**482920 Изградба на други објекти** **-2.800.000**

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.

Бр.09-1428/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 89, а во врска со член 46 став (4) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Исправката на Одлуката за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година, донесена од Комисијата за статут и прописи под бр.09-1274/2 од 23.08.2018 година.

2. Исправката на Одлуката за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година, донесена на 16-та седница на Советот на општина Гевгелија, под бр.09-1274/1 од 22.08.2018 година, се однесува на точката 2, кадешто во **делот ЕА0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**, наместо потставката 481230-реконструкција на деловни објекти, **треба да стои: потставка 482920 – изградба на други објекти.**

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1429/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г.), член 2 став (2) од Правилникот за

стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2018 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Моин (КП бр.280 КО Моин)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Моин, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект на КП бр.280 КО Моин, во класа на намена А1-индивидуално домување, а **по барање на Киро Костадинов од с.Моин.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„.

Бр.09-1430/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г. ), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2018 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Моин (КП бр.792/3 КО Моин)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Моин, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален објект-магацин на КП бр.792/3 КО Моин, во класа на намена Г4-стоваришта, а **по барање на Ристо Трајков од Гевгелија.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„.

Бр.09-1431/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г. ), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2018 год., донесе

## ОДЛУКА
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Моин (КП бр.745 КО Моин)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Моин, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект на КП бр.745 КО Моин, во класа на намена А1-индивидуално домување, а **по барање на Тања Трајковска од с.Моин.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија„.

Бр.09-1432/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17год.), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06, 08/10 и 18/14г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2018 год., донесе

## ОДЛУКА
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Серменин (КП бр.1681 КО Серменин)

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Серменин, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден

индивидуален станбен објект на КП бр.1681 КО Серменин, во класа на намена А1-индивидуално домување, а **по барање на Глигор Чанов од Гевгелија.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1433/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17г. ), член 2 став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,, бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 г.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Службен гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06, 08/10 и 18/14г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 24.09.2018 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за с.Серменин (КП бр.574 КО Серменин)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистички план (УП) за с.Серменин, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект на КП бр.574 КО Серменин, во класа на намена А1-индивидуално домување, а **по барање на Паисиј Рабровалиев од Гевгелија.**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија,,.

Бр.09-1434/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 2 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99,...........64/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишниот извештај за работата на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за учебната 2017/2018 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за учебната 2017/2018 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на средното општинско училиште со Одлука бр.02-778/1 од 31.08.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1435/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 89-а став (1) алинеа 2 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02.....64/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за учебната 2018/2019 година**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ "Јосиф Јосифовски"- Гевгелија за учебната 2018/2019 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на средното општинско училиште со Одлука бр.02-779/1 од 31.08.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1436/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11......... 64/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"- Гевгелија за учебната 2017/2018 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ "Владо Кантарџиев"- Гевгелија за учебната 2017/2018 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-4/31 од 30.08.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1437/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11.......... 64/18 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев"- Гевгелија за учебната 2018/2019 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев"- Гевгелија за учебната 2018/2019 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-4/29 од 30.08.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1438/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11.......... 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За усвојување на Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Крсте Мисирков"- Гевгелија за учебната 2017/2018 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2017/2018 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште, со Одлука бр.02-414/1 од 17.09.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1439/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Ташко Дојчинов с.р.*

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11......... 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-413/1 од 17.09.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1440/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11......... 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За усвојување на Годишниот Извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ "Ристо Шуклев"- Негорци за учебната 2017/2018 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата и постигнатите резултати на крајот на учебната 2017/2018 година на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-169/1 од 06.07.2018 година

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1441/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10,

156/10, 18/11……… 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2018/2019 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2018/2019 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште, со Одлука бр.02-212/1 од 07.09.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1442/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11……… 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За усвојување на Годишниот Извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за учебната 2017/2018 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата, успехот и постигнатите резултати на ООУ "Климент Охридски" - Миравци, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-215/1 од 31.08.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1443/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11……… 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14

год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за учебната 2018/2019 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООУ "Климент Охридски"- Миравци за учебната 2018/2019 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско училиште со Одлука бр.02-215/2 од 31.08.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1444/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11.......... 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишниот Извештај за работата на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија за учебната 2017/2018 година**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија, усвоен и предложен од Училишниот одбор на основното општинско музичко училиште со Одлука бр.02-103/2 од 30.08.2018 година

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1445/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), а во врска со член 126 став (1) алинеа 2 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11.......... 64/18 год.) и член 38 став (1) од точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За усвојување на Годишната Програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов"- Гевгелија за учебната 2018/2019 година**

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на ООМУ "Васо Карајанов"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година, усвоена и предложена од Училишниот одбор на основното општинско музичко училиште со Одлука бр.02-103/3 од 30.08.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1446/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 34 став (1) од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 18/11, 51/11……..64/18 год.), член 7 од Правилникот за начинот на изведување ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010г. на Министерството за образование и наука) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018г., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање позитивно мислење за реализација на Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2018-2019г.**

1.**Се дава позитивно мислење** за реализација на Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности за 3-то, 6-то и 9-то одделение во ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2018/2019 година, донесена и предложена од основното училиште под бр.01-26/2 од 24.08.2018 година.

2.Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности за 3-то, 6-то и 9-то одделение во ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2018/2019 год. е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ "Ристо Шуклев"-Негорци за учебната 2018/2019 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1447/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

Врз основа на член 34 став (1) од Законот за основно образование ("Службен весник на РМ" бр.103/08, 33/10, 116/10, 18/11, 51/11……..64/18 год.), член 7 од Правилникот за начинот на изведување ученички екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта (бр.10-404/1 од 01.11.2010г. на

Министерството за образование и наука) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 24.09.2018г., донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање позитивно мислење за реализација на Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018-2019г.**

1.**Се дава позитивно мислење** за реализација на Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година, усвоена и предложена од управниот одбор на основното општинско училиште под бр.02-4/32 од 30.08.2018 година.

2.Годишната Програма за екскурзии и други слободни активности во ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018/2019 е во согласност со Годишната програма за работа на ООУ "Владо Кантарџиев"-Гевгелија за учебната 2018/2019 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1448/1
24.09.2018 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 35 и член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**
**за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели бр.1.3.01 и бр.1.3.02 со намена А4-времено сместување од ГП бр.1.3 во УПВНМ за комерцијални и деловни намени во КО Негорци м.в. „Долна Корија" - општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели бр.1.3.01 и бр.1.3.02 со намена А4-времено сместување од ГП бр.1.3 во УПВНМ за комерцијални и деловни намени во КО Негорци м.в. „Долна Корија" - општина Гевгелија со графички приказ на проектот и текстуален дел (во понатамошниот текст (Архитектонско-урбанистички проект).

**Член 2**

Архитектонско-урбанистички проект од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 17630 м$^2$.

Границата на планскиот опфат е дефинирана: на исток граничи со регионалниот пат Р-103 Негорци-Гевгелија, на запад граничи со постоечкиот пат на КП 4727/1, на север граничи со КП 4659/1, КП 4658/1 и КП 4658/2 и на југ граничи со КП 4651 и дел од КП 4652/3.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во малата сала на Народниот театар во Гевгелија, на ден 27.08.2018 година со почеток во 11.30 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со проектот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Архитектонско-урбанистички проект и за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-799/5
21.08.2018 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***М-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## О Д Л У К А
## за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Урбанистички план за село Моин од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 85,75ха.

Границата на планскиот опфат е: од најсеверната точка, границата на планскиот опфат се движи кон југ по источнатаграница на КП 167, свртува кон исток минувајќи низ КП 184 и КП 502/2, се движи кон југоисток минувајки низ КП 1127, се совпаѓа со источните граници на КП 742, КП 743, КП 745, КП 746 и КП 747, се спушта

кон југ совпаѓајќи се со источните граници на КП 747 и КП 748, минува низ КП 763, врти кон исток совпаѓајчи се со североисточните граници на КП 825 и КП 824 каде што стасува до најисточната точка на планскиот опфат.

Од најисточната точка на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува кон југ движејќи се по источната граница на КП 823, врти кон запад движејчи се по јужната граница на КП 827, се спушта кон југ движејќи се по источните граници на КП 845/2 и КП 830, минува низ КП 1136, врти кон исток совпаѓајќи се со северните граници на КП 797/1 и КП 791, се движи во јужен правец совпаѓајќи се со источните граници на КП 791, КП 798 и КП 792/1, свртува кон запад движејќи се по јужната граница на КП 792/1 , минува низ КП 1129, оди кон запад движејќи се по јужната граница на КП 1129, се совпаѓа со јужните граници на КП 894, КО 883, КП 885, КП 881, КП 880, КП 879, се совпаѓа со југоисточната граница на КП 877, минува низ КП 1129, се движи по југоисточната граница на КП 894, се движи кон југ по југоисточната граница на КП 894 и источните граници на КП 893/2 и КП 893/1, се движи кон запад совпаѓајќи се со јужната граница на КП 893/1 и тука стасува до најјужната точка на планскиот опфат.

Од најјужната точка границата продолжува кон север движејки се по западната граница на КП 893/1, се совпаѓа со западната граница на КП 939, минува низ КП 909 и КП
1130, се движи кон запад минувајќи низ КП 633, се совпаѓа со југоисточната граница на КП 632, се движи конм северозапад минувајќи низ КП 633 и КП 1129, се совпаѓа со југозападната граница на КП 377 и КП 378/1, се совпаѓа со јужните граници на КП 382, КП 383/1, се движи кон север совпаѓајќи се со западната граница на КП 383/2, минува низ КП 1135, се совпаѓа со западната граница на КП 384 и јужната граница на КП 388/9, се движи кон север по совпаѓајќи се со западната граница на КП 388/9 и КП 388/1, свртува кон запад совпаѓајчи се со југозападните граници на КП 401/1 и КП 400 и тука стасува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од најзападната точка, границата на планскиот опфат продолжува кон североисток совпаѓајќи се со северозападните граници на КП 400, КП 401/1, КП 401/2, минува низ КП 411, се совпаѓа со северозападните граници на КП 428, КП 432, КП 431, се движи по западната граница на КП 434, се совпаѓа со северните граници на КП 434, КП 435, КП 436, минува низ 1134, се совпаѓа со северните граници на КП 224, КП 223, КП 222,
минува низ КП 1133, се совпаќа со северозападните граници на КП 188, КП 189, КП 191, минува низ КП 167 и тука стигнува до најсеверната точка на планскиот опфат.

**Член 3**

Повторната јавна презентација ке се организира во подрачното училиште „Крсте Мисирков" во село Моин, на ден 02.10.2018 година со почеток во 10.00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ке трае 5 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ке биде изложен Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија, за спроведувањето на повторната јавна презентација и јавна анкета ке се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.11-3/14
24.09..2018 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***М-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за изготвување Извештај од спроведената повторна јавна презентација и јавна анкета по Урбанистичкиплан за село Моин, општина Гевгелија**

1.За изготвување Извештај од спроведената повторна јавна презентација и јавна анкета по Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија, се формира комисија од три члена.

2.Во комисијата се именуваат:

-Ирена Томчева, дипломиран инженер архитект одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација,

-Натали Ташевска Гулевска , дипломиран инженер архитект овластен претставник на изработувачот на планот, „Иванов инженеринг" дооел од Битола.

-Митко Павлов, дипломиран инженер архитект надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3.Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки на Урбанистички план за село Моин, општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.11-3/16
24.09.2018 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***М-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели бр.1.3.01 и бр.1.3.02 со намена А4-времено сместување од ГП бр.1.3 во УПВНМ за комерцијални и деловни намени во КО Негорци м.в. „Долна Корија" - општина Гевгелија**

1.Со ова Решение се формира Стручна комисија за изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели бр.1.3.01 и бр.1.3.02 со намена А4-времено сместување од ГП бр.1.3 во УПВНМ за комерцијални и деловни намени во КО Негорци м.в. „Долна Корија" - општина Гевгелија.

2.Во комисијата се именуваат:

-Ирена Томчева, дипломиран инженер архитект одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација,

-Благоја Тагасовски, дипломиран инженер архитект овластен претставник на изработувачот на планот „Ин-Пума" од Скопје

-Митко Павлов, дипломиран инженер архитект надворешен член.

3.Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки на Архитектонско-урбанистички проект да се достави до изработувачот на проектот заради постапување согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.11-799/7
21.08.2018 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***М-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.12/17 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма К4 во износ од 170.000,00 денари се доделуваат на Пионерски Дом "ЈОСИП БРОЗ ТИТО" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и средствата ќе се исплатат на трансакциска сметка.

3.Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето,а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Пионерски Дом "ЈОСИП БРОЗ ТИТО" од Гевгелија поднесе барање до Градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година за програмски активности.

Оценувајки дека барањето е оправдано, Градоначалникот на општина Гевгелија, одлучи да са се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година во износ од 170.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на оваа решение

Бр.12-24/29
31.08.2018 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***М-р Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 62 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година ("Службен гласник на општина Гевгелија "бр.12/17 год.) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2018 година**

